Бр. 03-213/19
19.07.2024 година

# ПРВ ПОЕДИНЕЧЕН ДОГОВОР

Кој произлегува од рамковната спогодба бр 03-213/18 од 19.07.2024 год.

Овој договор е склучен помеѓу:

Договорен орган-Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје,Скопје ц.о., со седиште на ул.,,Даме Груев бр.14 1000 Скопје, застапувано од директор Костадин Ацевски (во натамошниот текст: Договорен орган) од една страна и

Носител на набавката-Друштво за производство,трговија,услуги и градежништво,,ТОП БИЛД,, ДООЕЛ експорт-импорт, Скопје, со седиште на ул.50 та Дивизија бр. 32 локал 1, град Скопје, застапувано од управител Радоман Дамјановиќ во понатамошен текст како Економски Оператор.

Договорниот орган и Носителот на набавка имаат склучено:Рамковна спогодба за набавка на Битумен 50/70 за производство на асфалт, по спроведена отворена постапка со објавување оглас број 08733/2024 (36-О/2024).Врз основа на склучената рамковна спогодба произлегува и овој прв поединечен договор.

Член 1

Вредноста на првиот поединечен договор ќе изнесува 162.500.000,00 денари без ДДВ или 191.750.000,00 денари со вклучен ДДВ и носителот на набавката се обврзува да достави банкарска гаранција во висина од 10% од износот на првиот поединечен договор со вклучен ДДВ во рок утврден во тендерската документација.

Член 2

Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и рамковната спогодба.

Член 3

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го изврши вирмански во рок од 60 (шеесет) дена од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. 1000 Скопје.

Член 4

Квалитетното, односно целосното, совесното и навременото извршување на обврските на договорот, Носителот на набавката го гарантира со доставена безусловна банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување со висина од 10% од вкупната вредност на договор со вклучен ддв. Поединечниот договор ќе важи не подолго од 2 (две) години, или до вредносно исполнување на истиот.

Банковата гаранција треба да има важност до целосно реализирање на рамковната спогодба, без разлика дали ќе биде временски или количински(вредносно) исполнет.

Член 5

Со потпишување на овој поединечен договор Договорните страни се обврзуваат дека во целост ќе ги применуваат истите услови од основната рамковна спогодба.

НОСИТЕЛ НА НАБАВКА
ДПТУГ „ТОП БИЛД„ ДООЕЛ Скопје
УПРАВИТЕЛ

Радоман Дамјановиќ

ДОГОВОРЕН ОРГАН
Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.
ДИРЕКТОР

Костадин Ацевски

Изработил: С.Стојмирова
Контролирал: М.Георгиевска